# Општи заклучоци и препораки по повод третата рунда на Политичкиот дијалог на високо ниво, септември 2012

1. Пристапниот дијалог на високо ниво (ПДВН) е највидливиот инструмент кој во моментот го одржува процесот на пристапување на Македонија во ЕУ во живот. Областите во ПДВН се **соодветно идентификувани** и одговараат на приоритетните предизвици со кои се соочува Македонија денес (владеење на правото, слобода на медиумите, реформи во јавната администрација, изборната реформа и функционална пазарна економија).
   На оперативно ниво, приоритетните цели, а особено конкретните мерки во Оперативниот патоказ се **недоволно амбициозно поставени** или воопшто не постојат конкретни, опипливи мерки. Тоа значи дека проблемите во дадените области се подлабоки и за нивно решавање се потребни посериозни и померливи решенија. Постои **несообразност** на реформските цели со конкретните мерки, заради што не може да се види како и дали нивното остварување ќе придонесе кон поставената цел. Поголемиот дел од индикаторите се однесуваат само на донесување на одредени акти, а **не се поврзани со нивната имплементацијата** која би придонела кон реално подобрување на состојбите. При формулирањето на конкретните мерки доминира **техничкиот** на сметка на **суштинскиот пристап**. Тоа значи дека на крајот од процесот може сите мерки да бидат имплементирани, а клучните проблеми, сепак, да останат нерешени.

2. За поздравување е фактот што е **предвидено** процесот да се одвива на инклузивни основи со вклучување на сите засегнати во консултациите, особено граѓанското општество. Исто така, сакаме да ја нагласиме **подобрената пракса** на комуникација на СЕП, која благовремено ги достави побараните документи поврзани со ПДВН, а организираше и неколку јавни консултации на кои на граѓанските организации им беше претставен напредокот во ПДВН.
   Сепак, сметаме дека ПДВН не беше суштински инклузивен процес иако е првично замислен како таков. Во ПДВН инклузивноста **се сведе на известување** на засегнатите страни и граѓанските организации за веќе утврдени документи подготвени од Владата односно Европската комисија. Токму заради тоа што фазата на подготовка на документите и дефинирањето на мерките се одвиваше исклучиво помеѓу Владата и ЕК, оперативниот патоказ постави **недоволно**

**амбициозна агенда** која не ги исполни очекувањата на граѓанските организации кои работат во дадените области.

Оттука, сметаме дека во наредните фази на ПДВН, Владата и ЕК треба да обезбедат поголема вклученост на засегнатите страни и граѓанските организации во сите фази на процесот, од дефинирањето на приоритетите до мониторингот на исполувањето на истите. На оперативно ниво, Владата треба да ја искористи експертизата која граѓанските организации несомнено ја поседуваат и да ги покани да учествуваат во работните групи по различните тематски подрачја. Освен обезбедување на инклузивност и подобар квалитет на документите со оваа своевидна „вежба за вистински преговори“ и подготвување на преговарачки позиции,. Владата би испратила јасен сигнал дека останува посветена на евроинтеграциите

3. По објавувањето на Извештајот за напредокот и извесната препорака за отпочнување преговори која најверојатно нема да биде ефектуирана, Владата и Европската комисија би требало да изготват нов Оперативен патоказ. Со цел да се добие **поефикасен инструмент**, МЦЕО спроведува широк консултативен процес со граѓанските организации и сите заинтересирани граѓани. Препораките и предлозите кои ќе произлезат од него ќе бидат основа за изработка на position paper како алатка за лобирање за вклучување на идеите и очекувањата на граѓанските организации во новиот ПДВН.

   На пример, една од темите која задолжително треба да биде вклучена во ПДВН е лустрацијата како најочигледен проблем на владеењето на правото и темелните права во Македонија. Во прилог на оваа теза одат и ставовите на неколку амбасадори на држави членки во Македонија кои начинот на кој се спроведува лустрацијата гледаат очигледно нарушување на правниот поредок.

4. Покрај ПДВН како на инструмент насочен на неколку најприоритетни области кои се дел од политичките и економските критериуми за членство, Владата и ЕК **не смеат да ги занемарат останатите важни реформи предвидени со** Пристапното партнерство, Спогодбата за стабилизација и асоцијација и Националната програма за усвојување на европското законодавство, кои имаат поширок опфат на приоритети и задачи.